

ЕЛЕНА ЃОРЃИЕВСКА ELENA GJORGJIEVSKA

# Елена Ѓорѓиевска

Родена на 15.03.1982 година во Битола. Дипломирала 2005 година, сликарство на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Дипломиран ликовен педагог од 2007 година. Магистрирала 2008 година на истиот факултет во класата на проф. Вело Ташовски.
Член на ДЛУМ од 2006 година и на ДЛУБ од 2007 година.

Адреса: Борис Бастерот, бр 11/8
Битола
тел: 047/222121
моб: 070/512625
e-mail: elena_picaso@yahoo.com

**Самостојни изложби**

2007 - Битола, Салон на ДЛУБ,
Флуентни соединувања
2008 - Скопје, Музеј на град Скопје

**Групни изложби:**

2006 - Скопје, Музеј на град Скопје,
Годишна изложба на ДЛУМ
2007 - Битола, Салон на ДЛУБ и Прилеп,
Жената како инспирација
- Скопје, МКЦ,
Уметнички дијалози
- Битола, Салон на ДЛУБ,
Пејзаж - мал формат
- Битола, Уметничка галерија,
ДЛУБ Годишна изложба
- Битола, Уметничка галерија,
4-ти ноември, ДЛУБ
- Скопје, Музеј на град Скопје,
Годишна изложба на ДЛУМ
2008 - Прилеп, Ликовна галерија,
изложба на ДЛУБ
- Париз, Cite internacional des arts, изложба на ДЛУМ

Предна корица: Дилема, ќе биде или не ќе биде, 2006, акрил на платно и картон, 100x120
Задна корица: Конфликт, двајцата сме во право но не се согласуваме, 2007, акрил на платно и картон, 100x120

# Elena Gjorgjievska

Born on 15.03.1982 in Bitola. Graduated in 2005 from the Department of Painting at the Faculty of Fine Arts in Skopje. Graduated Art Pedagogy in 2005, and in 2008 acquired a MA degree from the same Faculty in the class of Prof. Velo Tasovski. Member of DLUM (Association of Artists of Macedonia) since 2006 and DLUB (Association of Artists of Bitola) since 2007.
Address: Boris Batserot 11/8 Bitola, Republic of Macedonia
Phone: +389 47 222 121
Cell phone: + 389 70 512 625
e-mail: elena_picaso@yahoo.com

**Solo exhibition**

2007 - Bitola, Salon of DLUB,
Fluent Unions
2008 - Skopje, Museum of the City of Skopje

**Group exhibitions**

2006 - Skopje, Museum of the City of Skopje, annual exhibition of DLUM
2007 - Bitola, Salon of DLUB, Prilep
The Woman as Inspiration
- Skopje, Youth Cultural Centre,
Artistic Dialogues
- Bitola, Salon of DLUB,
Landscape - small scale
- Bitola, Art Gallery,
annual exhibition of DLUB
- Bitola, Art Gallery,
4th of November, DLUB
- Skopje, Museum of the City of Skopje, annual exhibition of DLUM
2008 - Prilep, Art Gallery,
exhibition of DLUB
- Paris, Cite international des arts,
exhibition of DLUM

Front cover: Dilemma, will it or will it not be, 2006, acryl on canvas and card-board, 100 x 120
Back cover: Conflict, we are both right, only we don't agree, 2007, acryl on canvas and cardboard, 100 x 120



Музиката на тишината, на неискажаното, 2007,
акрилик на платно и картон, 100x120

Music of the silence, of the unspoken, 2007,
acryl on canvas and cardboard, 100x120



Занес на две силни личности, 2007,
акрилик на платно и картон, 100x120

Rapture of two similar persons, 2007,
acryl on canvas and cardboard, 100 x 120



Отворена дискусија, 2008, акрилик на платно и картон, 100x120
Open discussion, 2008, acryl on canvas and cardboard, 100x120



Конфронтација со налутена девојка, тргни ми се од пред очи, 2007,
акрилик на платно и картон, 100x120
Confrontation with an angry girl, get out of my sight, 2007,
acryl on canvas and cardboard, 100x120



Нежно комуницирање, нежно надополнување, 2008,
акрилик на платно и картон, 100x120
Tender communication, tender fulfillment, 2008,
acryl on canvas and cardboard, 100x120



Гледај колку се убави ѕвездите над Хераклеа, 2008,
акрилик на платно и картон, 100x120
See how beautiful are the stars above Heraclea, 2008,
acryl on canvas and cardboard, 100x120

# АНТРОПОГЕОМЕТРИЗМИ

... Со инкорпорирањето на парчиња картон, како сегменти кои излегуваат од рамката, се обидувам да создадам моќна визуелна сензација. Минимално изместување од очекуваното во висина, ширина и должина, минимална игра на сенки и треперење. Рамката обично служи за да ја ограничи, разграничи и истакне сликата наспроти просторот во кој се наоѓа. Јас сакам да го избегнам тоа. Нека биде сликата интегрален дел од просторот што ја опкружува, нека го дише и дели истиот простор. Не ги третирам сликите единствено секоја како целина, туку и сите заедно како целина - секоја слика во релација со таа пред себе, после себе и наспроти себе -комплементарната. Истата прикаска во варијации, прикаска за идеја дека до индивидуалното ќе дојдеме преку чувството и релацијата со универзалното. Самиот наслов “Антропогеометризми”, посочува дека предмет на мое интересирање во делата е човечката фигура. Се занимавав со варијации на амбивалентната игра на општо и поединечно. Насловот посочува, исто така, дека третманот на фигурите во композициите е геометриски , а во мојот ликовен израз и сензибилитет преовладува разумот, математичката прецизност, шема, сведување на некаква универзална, суштинска формула, на нешто што ги обединува луѓето онтолошки, без разлика на нивната раса, класа, религија, нација, политичко убедување, време, простор или други мисловни конструкции. Претставени се организирани структури на разбиени форми кои го покажуваат струењето на човечката енергија, естетска димензија во која поимот за човечката форма е разложување на геометриски модули, внатрешна структура која е израз на несвесното и духовното, интуицијата и разумот.Од тоа заедничко симултано дејствување се добива визуелизација на ликовни форми како израз, содржина и одраз на внатрешните импулси. Ја земам човечката фигура како структура или систем сочинет од потсистеми со кои можам творечки и естетски да си играм со креативни уметнички правила. Машката и женската форма на тело се комплементарни и компатибилни, различни и рамноправни во својата битност, суштина и убавина. Формите се расцепкани, разложени, следат некоја моја логика. Една тема која е толку секојдневна , блиску до банална а блиску и до суштина - две човечки суштества - маж и жена кои се караат, тепаат, натпреваруваат, танцуваат, се смеат, се сакаат, се конфронтираат, се инспирираат. Немаат индивидуализирани карактеристики, стилизирани се. Претстави за две форми на човекот. Главната информација се човечките тела. Унија на опозити  со  различни квалитети. Тие се непотполни битија, заедно формираат совршено - цело. Таа прикаска е стара колку и човекот.  Репетиција на  контингентни, конзистентни, сукцесивни форми кои се илузија на

тродимензионалност и движење кое, интрузивно ги напаѓа сетилата на набљудувачот. Моите слики вознемируваат преку расцепканите форми и бруталниот импакт на бојата врз сетилата. Меѓутоа, бруталниот импакт на бои, звуци, миризби, прекрасни визуелни сензации - природни и артифициелни, од сите страни , се дел од нашето секојдневие и култура. Претставено е сопственото доживување на хуманото човечко бивствување, апстрахирање на индивидуалното и освестување во глобални рамки дека сите се стремиме кон истата среќа и баланс со сепостојното. Човечкото битие, неговата природа, неговата вредност, поставени пред нас како прашање. Слика на човечки фигури кои би можеле да бидат било кои од минатото, сегашноста или иднината. Човекот од минатото и иднината има некаков внатрешен човечки код кој ги поврзува нивните потреби и цели. Се менува начинот на реализирање на целите и потребите но не се менува значењето на смеата и плачот.

Суштината на животот, неговата драгоценост е иста за секој човек што постоел и ќе постои. Човекот е индивидуа за себе, единствено искуство но воедно и претставник на целата човечка култура и природа. Во суштина секое човечко битие е енергија во движење со милион можни варијации на расположенија, реакции, дејствувања и притоа, има нешто човечко што не обединува и ни овозможува да се разбираме меѓусебно, да комуницираме на различни нивоа и начини, да разменуваме различни енергии, да се развиваме и растеме самостојно и меѓусебно помагајќи си. Човекот како поим, како духовно -материјална лабораторија, како машина која создава, креира, замислува и измислува е предмет на секојдневна нова и повторно, нова фасцинација.
Човечкото, човекувањето во својата најопшта и најтесна релација е предмет на секојдневна инспирација, чудо кое не престанува да те зачудува...

Елена Ѓорѓиевска



Натпревар кој ли ќе победи, 2007,
акрилик на платно и картон, 100x120

Competition, I wonder who's going to win, 2007,
acryl on canvas and cardboard, 100 x 120



Јас и ти среќни и по малку пијани, танцуваме, 2007,
акрилик на платно и картон, 100x120

Me and you, happy and a little drunk, dancing, 2007,
acryl on canvas and cardboard, 100 x 120



Допирот на твоето срце ме инспирира, 2007,
акрилик на платно и картон, 100x120

The touch of your heart inspires me, 2007,
acryl on canvas and cardboard, 100 x 120



Прегратка, 2006, акрилик на платно и картон, 100x120

Embrace, 2006, acryl on canvas and cardboard, 100 x 120

# ANTHROPOGEOMETRISMS

…By incorporating pieces of cardboard as segments that come out of the frame I am trying to create a powerful visual sensation. Minimal exceeding of the expected height, width and length, minimal game of shadows and flutter. The frame usually serves to limit, distinguish and emphasize the painting against the space where it is displayed. I am trying to avoid that. Let the painting be an integral part of the space which surrounds it, let it breathe and share the same space. I treat the paintings both as particular entities and as a whole - each painting in relation to the one before it, after it and against it - the complementary one. The same story in variations, a story on the idea how to reach the individual through the feeling and the relation with the universal. The very title "Anthropogeometrism" points that the subject of my interest in the artworks is the human figure. I was dealing with variations of the ambivalent game of the general and the particular. The title also points that the treatment of the figures in the compositions is geometric, and my artistic idiom and sensibility are lead by reason, mathematical precision, scheme, reduction to a universal, essential formula, to something that unites people ontologically, regardless of their race, class, religion, nation, political conviction, time, space or other thinking constructions. The artworks include organized structures or broken forms which show the running of the human energy, the esthetical dimension in which the concept of the human form is split into geometric modules, an interior structure which is an outcome of the subconscious and spiritual, of intuition and reason. This common an simultaneous engagement renders a visualization of artistic forms as an expression, contents and reflection of the inner impulses. I take the human figure as a structure or a system made of subsystems with which I can inventively and esthetically play by the creative artistic rules. The male and the female body forms are complementary and compatible, different and equal in their significance, essence and beauty. The forms are fractioned, split, they follow a certain logic of mine. A topic that is so common, close to banal, yet close to the essence, as well - two human beings - a man and a woman who quarrel, fight, compete, dance, laugh, love, confront, inspire. They posses no individual features, they are stylized. Representations of two forms of humans. The basic information is the human bodies. A union of opposites with different qualities. They are incomplete beings, and together they make a perfect - whole. That story is as old as the humankind. Repetition of contingent, consistent, successive forms which are in illusion of a three-dimensional feature and movement which intrusively attacks the senses of the viewer. My paintings disturb through the fractioned forms and the brutal impact of the color on the senses. But the brutal impact of colors, sounds, smells, beautiful visual sensations - natural and artificial, from all sides, are part of our everyday and culture. This is a representation of my own experience of the human subsistence, disregarding the individual and cherishing the global awareness that we all strive for the same happiness and balance with the all-existing. The human being, its nature, its value, set before us like a question. Picture of human figures which could be anyone from the past, present or future. The one from the past and the future has an inner human code that binds their requirements and objectives. The way of attaining the objective is changing, but the meaning of laughter and cry does not change. The essence of life, its preciousness are the same for each one who existed and who will exist. Man is an individual in itself, a unique experience, and also a representative of the entire human culture and nation. Basically, each human being is energy in motion with millions of possible variations of moods, reactions, actions, yet there is something human which unites us and helps us understand each other, communicate on different levels and ways, exchange different energies, develop and grow independently and help each other. Man as a concept, as a spiritual-material laboratory, as a machine that creates, imagines and devises is the object of an everyday, continuously renewed fascination. The humanness, being human in its most general and most particular relation is an object of everyday inspiration, a wonder that never stops astonishing…

Elena Gjorgjievska

МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ

Издавач: Музеј на град Скопје, Одговорен уредник: Јован Шурбаноски
Организација на изложба: Дора Андова Фотева, Текст: Елена Ѓорѓиевска, Дизајн на каталог: Александра Груевска Бараковска
Превод: Маја Хаџимитрова Иванова, Печати: Скенпоинт, Тираж: 500
Реализација: Музеј на град Скопје, јуни 2008

Publisher: Museum of the City of Skopje, Editor-in-chief: Jovan Surbanoski
Organization of the exhibition: Dora Andova Foteva, Text: Elena Gjorgjievska, Layout: Aleksandra Gruevska Barakovska
Translation: Maja Hadzimitrova Ivanova, Printed by: Skenpoint, Circulation: 500 copies
Realization: Museum of the City of Skopje, June, 2008

Изложбата и каталогот се реализирани со подршка на Министерство за култура на Р. Македонија
Exhibition and the catalogue are supported by the Ministry of culture of R. Macedonia

ISBN 978-9989-156-53-3



МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ

Музеј на град Скопје
Museum of the City of Skopje